OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 28-ти февруари, 2017 година

Специјална понуда од Охридска банка Сосиете Женерал за посетителите на Саем за Градежништво 2017

## Промотивно намалена каматна стапка од 3,60% за станбен кредит со фиксна и гарантирана каматна стапка до 2030 г.

Охридска банка Сосиете Женерал, единствено за посетителите на саем за градежништво 2017 подготви промотивна и примамлива понуда за Станбен кредит со фиксна каматна стапка до 2030 г. со вклучено кредитно животно осигурување.

Имено, постетителите кои ќе го посетат Саемот за градежништво, кој годинава се одржува во периодот од 28.02 – 4.3.2017 на Скопски саем, добиваат ексклузивна можност да ги искористат придобивките и промотивните услови за станбен кредит од концептот ПЛАН ЗА СТАН, како - дополнително намалена каматна стапка од 3,60% за првите три години и 5,60% каматна стапка од четвртата до 2030 година, без трошоци за одобрување и трошоци за апликација.

Повеќе информации за заинтересираните граѓани се достапни на штандот на Охридска банка Сосиете Женерал, лоциран во Хала 1.
Овие промотивни услови за валидни за сите апликации до 30.04.2017, со приложување на промотивниот материјал кој клиентите можат да го добијат на штандот на Охридска банка Сосиете Женерал во рамките на Саемот за градежништво 2017.

*<u>За Охридска банка Сосиете Женерал</u>*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот*

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија" од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker".*


**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Гордана Јовановска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 649